КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

ICOMOS MK

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## ГЛАВА I

### Предмет на Меморандумот

**Член 1**

Предмет на овој Меморандум е воспоставување соработка помеѓу Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст Комора) и Националниот комитет на Меѓународниот совет на споменици и локалитети ИКОМОС во Македонија (во понатамошниот текст ИКОМОС Македонија) во насока на унапредувањето на дејноста, програмите и активностите од заеднички интерес на двете организации.

## ГЛАВА II

### Цели на Меморандумот

**Член 2**

Потписниците на овој Меморандум, во рамките на својата примарна дејност, и во услови кога постои взаемен интерес, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на остварувањето на заедничките цели преку:

- Спроведување специфични едукативни настани (специјализирани обуки, работилници, форуми, конференции и слично) на теми поврзани со просторното и урбанистичкото планирање, архитектурата, инженерството, заштитата, конзервацијата и ревитализацијата на спомениците локалитетите, како и на други релевантни теми од интерес на членовите на ИКОМОС Македонија и Комората.
- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората и ИКОМОС Македонија во активности или во настани кои ќе третираат теми од заеднички интерес.
- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и ИКОМОС Македонија во процесот на изготвување предлог документи или мерки за развој на научната мисла во сферата на просторното и урбанистичкото планирање, архитектурата, инженерството, заштитата, конзервацијата и ревитализацијата на спомениците и и локалитетите.
- Заедничко учество во проекти од областа на заштитата, истражувањето и презентацијата на градителското наследство од заеднички интерес на членовите на двете организации.
- Заедничко учество во меѓународни проектни активности на теми што одговараат на целите на двете организации.
- Заеднички настап пред државните органи при креирањето на релевантното национално законодавство и подзаконски акти, стратешки документи и акциски планови.
- Размена и вмрежување на професионалниот потенцијал и експерти од редот на членовите на двете организации
- Презентирање и афирмирање на партнерската организација пред своите членови, на начин и во обем како што секоја потписничка сама ќе процени.
- Други активности за кои двете страни-потписнички ќе искажат интерес за соработка.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

ICOMOS MK

## Глава III

## Општи и завршни одредби

### Член 3

Меморандумот не ги ограничува или строго утврдува начините и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес, која е во согласност со мисијата и визијата на секоја од страните. Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите утврдени со истиот, доколку е потребно можат да вршат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на взаемно утврдените цели со анекс на барање на страните потписнички.

### Член 4

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето и ќе остане на сила сè додека не биде раскинат од било која страна потписничка.

Овој Меморандум е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, по 2 (два) за секоја страна потписничка.

Комора на овластени архитекти и овластени инженери

Национален комитет на меѓународниот совет за споменици и локалитети – ИКОМОС во Македонија